**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: **09-236/1**
**14.03.2023** година
**Тетово**

## ООУ„Фаик Коница “ с. Доброште, општина Теарце

| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | 01.11 .2023 до 03.11.2023 |
| **Број на извештај:** | 02/Полошки регион /2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Јелена Деспениќ-Кировска |
| **Вид на училиштето:** | Основно училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општината |
| **Наставен јазик:** | Македонски и албански јаз |
| **Број на ученици:** | 365 |
| **Полова структура на ученици:** | 191 машки и 174 женски |
| **Број на наставници:** | 39 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Саледин Даути |
| **Директор на училиштето:** | Ѓулсер Реџепи |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | Од 19 до 21.02.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | С. Доброште. |
| **Телефон:** | 044/381-214 |
| **Факс:** | 044/381-214 |
| **e-mail:** | p.s_faikkonica@outlook.com |
| **оценка од интегрална евалуација** | 2,82 |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година)

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција од 01.11. до 03.11. 2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ ,,Фаик Коница “с. Доброште, општина Теарце. При вреднување на интегралната евалуација се вреднуваше квалитетот и ефикасноста на воспитно-образовниот процес во училиштето ,примената на законите и прописите и општите акти од основното образование, беа посетени деведесет посто од часовите на наставници кои реализираат настава и беа реализирани сите други активности предвидени со интегралната евалуација.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ” Фаик Коница “с. Доброште, општина Теарце е оценет со 2,82 Добар[1]..

Во училиштето наставниот процес се изведува според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, изготвени од Биро за развој на и донесени од Министерство за образование и наука. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедуваат постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализирани во пропишаниот обем. Соработката е интензивна при изготвување на глобалните и тематските планирања, односно при изработка на Планирањата за реализација на наставната програма, неделните планирања и сценаријата за наставните часови . За инклузираните ученици се изработува ИОП според Концепцијата за инклузија и решенијата од МКФ.

Дел од учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво, и имаат освоено награди, благодарници и сертификати за учество. За афирмирање на воннаставните активности, училиштето користи повеќе медиуми како социјални мрежи, интернет страната на училиштето и брошури.

Училиштето планира и реализира ученички излети и екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. За планираните излети и екскурзии училиштето изготвува програма за реализација за која добива согласност од родителите, БРО и секторот за образование во општината.

Училиштето реализира активности за меѓуетничка интеграција во рамките на училиштето помеѓу учениците кои наставата ја следат на македонски наставен јазик и албански наставен јазик за учениците од I до IX одд . Во последните три учебни години, со партнер училиштето ООУ „Живко Чинго“ с. Велгошти општина Охрид и ООУ,,Симче Настивски“ с. Вратница општина Јегуновце, со двете училишта се остварени и реализирани повеќе заедничка воннаставна активност, во која биле вклучени ученици од двете училишта . Со ООУ,,Живко Чинго “с. Велгошти општина Охрид , поради здравствените протоколи за заштита од вирусот Ковид-19 дел во учебната 2021/2022 се одржани онлаји активности од различни области и тоа:

---

[1] Според класификацијата од Индикаторите за кв теми алитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

- Музичко образование часот содржеше: Теми:операта и печалбарството на албански и македонски јазик

-Хемија -изведба на експерименти

-Англиски во IX одд.– изговарање на зборови на англиски, македонски и албански јазик.

- Македонски јазик на тема Константин Миладинов
- Информатика – програмирање во визуелна околина со графички приказ
- Географија на тема ,, Светско море“
- Природни науки ,,Садиме цвеќиња за поубава средина“ .

Со истото училиште заеднички активности со физичко присуство остварена на ден 20.03.2023 година по повод патрониот празник на ООУ ,,Живко Чинго “с. Велгошти општина Охрид со заедничко учество во приредбата ( рецитирање, пеење, глума) ученици од двете училишта реализација на трите јазици: македонски, албански и англиски .

Со ООУ,,Симче Настовски “ с. Вратница за време на пандемијата и зашита од Ковид-19 се оствари онлаин средба со училиштето ,,Фаик Коница“ на 05.06 2021 година под тема : ,,5 јуни Светски ден на животната средина“ .Се изработија слики и рецитали на двата јазика .

Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците согласно со Концептот за воннаставни активности што го утврдува Министерството на предлог на Бирото. Учениците доброволно учествуваат во воннаставни активности. За учество во воннаставни активности на крајот на учебната година на ученикот му се доделува додаток на свидетелството во кое се забележува учество во воннаставни активности.

Поведението на учениците споредбено за три години е примерно. Дисциплината на учениците во училиштето е добра, во поедини случаеви училиштето презема педагошки мерки за нередовноста на учениците и непримерно однесување за време на наставата.

Од увидот направен во документацијата, главните книги и записниците од советите на паралелките, констатирано е дека во последните три учебни години, сите ученици ја завршуваат годината, нема ученик кој ја повторувал годината како и со намалено поведение . Врз основа на увидот на актуелните постигања на учениците, училиштето планира и презема конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците.

Во оперативните планирања за наставен час, наставниците планираат диференцирани цели и диференцирани активности, но голем дел од наставниците делумно ги применуваат диференцираните активности за учениците со посебни образовни потреби, кои поседуваат наод и мислење од соодветна институција и кои се во согласност со изготвените Индивидуални образовни планирања. Исто така наставниците планираат, но делумно применуваат диференцирани цели и активности за работа со ученици со потешкотии во учењето и диференцирани цели и активности за работа со талентирани ученици. Најголемиот број од наставници кои се задолжени да реализираат и други видови на настава (дополнителна, додатна настава и други активности), имаат изготвено програма за истите и истата уредено се евидентира во одделенските дневници.Планирањата на наставниците се следат од раководниот тим во училиштето.Раководниот тим на училиштето ги следи и има утврдена процедура за следење на планирањата на наставниците . При изготвувањето и изработка на планирањата, училиштето обезбедува подршка на наставниците за вградување на целите од интеграното образование , еколошките содржини, Кембрич програмите, инклузивност итн . Разменувањата на искуства се темели пред се и преку работата на

стручните активи.Учењето во одделенска настава е добро, поголемиот број од наставниците користат лаптопи и проектори за време на наставниот час, додека во предметната настава, наставниците планираат ИКТ но , не целосно ја реализира согласно планираното . Наставата по наставниот предмет Физичко и здравствено образование во основното училиште се реализира на надворешни спорски терени а во зимскиот период се користи новоизградена спортска сала но ,само во централното училиште, додека во подрачното училиште во с. Одри се реализира во импровизирана просторија. Поголем број од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување и се врши континуирано оценување Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Родителите се информирани усно, преку проектот информиран родител, евидентни листови и сведителства.

Училишниот простор наменет за раелизација на наставата во училиштето е доволен и безбеден за изведување на истата со исклучок на една училница во дисперзираниот училишен објек на с.Доброште која не ги задоволува потребите за реализација на наставата , бидејќи е многу мала и е импровизирана училница**.**

Во училиштето има осигурителни полиси за училишните објекти, за учениците и вработените и за истото има склучено договор со осигурителна компанија. Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди и има истакнати соопштенија и предупредувања од таков вид и има изведено симулации за истото.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата припадност и мултикултурализмот и има подеднаков третман на учениците со различни способност. Поголем број од наставниот кадар ужива почит кај родителите, што го потврдиле во анкетите и за што се изјасниле најголем број на анкетираните ученици и родители. Училиштето има Куќен ред и Кодекс на однесување.. Во училиштето има знаци за забрана на пушење и забраната се почитува. Наставниците и стручната служба се грижат за сите категории на ученици и даваат поддршка. Училиштето преку стручните соработници и одделенските раководители им даваат информации на учениците за нивната професионална ориентација односно нивното понатамошно образование.

Хигиената во училиштето во целина е на задоволително ниво. Тоалетите се реновирани и чисти. Санитарните простории, ходниците, скалите и училниците се чистат после завршување на наставата. Училишниот двор како во централното така и во дисперзираното училиште во истото село како и подрачното во с. Одри е чист, уреден и има корпи за отпадоци. Се врши дезинфекција, дератизација и дезинсекција и училиштето постапува по препораките и насоките на санитерната инспекција. Училишните дворови се чисти и хортикултурно уредени .

Класните раководители и наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението за секој ученик посебно и за пралелката како целина.Постои добра соработка помеѓу одделенските раководители, педагогот, дефектологот и директорот на училиштето . Училишната клима и односите во училиштето е добра.

На наставнички ,одделенски совет, стручни активи, родителски средби и патрониот празник се промовират личните постигања на ученици (доделување на пофалби за освоени награди, дипломи, признанија).На крајот на секоја учебна година во училиштето се промовира ученик на годината кој се наградува со книга и пофалница од училиштето. Училиштето го промовира мултикултурализмот.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на воспитно образовната дејност согласно предвидените нормативи за основно образование.

Сите четири Училишни објекти се од тврд материјал и истите се во добра состојба. И во сите нив има инсталирана громобранска заштитна инсталација.

Училиштето располага со задоволителен број на наставни средства помагала , но и постојано постои потреба од нивно осовременување со соодветна нова стручна литература и нови нагледни средства согласно нормативот за наставни средства по предмети.

Училишни материјали како и спортски реквизити со кои располага училиштето , задоволуваат.

Според стручната подготовка Наставниот кадар, е целосно соодветен по сите предмети.

Училишниот одбор е избран и работи согласно на Законот за основното образование и Статутут на училиштето и истиот има деловник за работа.

Раководниот орган -директорот на училиштето, ги исполнува условите за директор, има програма за работа и истата доследно ја реализира. При донесување на одговорни одлуки истиот е доволно одлучен. Директорот своето работење повеќе го заснива врз тимска работа. За сторените трошоци при работењето и буџетот во целина постојано е информиран Основачот и Училишниот одбор на училчиштето.

Во училиштето нема регистрирано спортски клуб .

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со фокус групите, од посетените наставници, извршената анализа на обработените прашалници и се она што се виде во училиштето, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Фаик Коница“ с. Доброште е оценета со оцеката **добар**[2]**..**

Во Училиштето е изготвена Самоевалуација бр. 0102-01/1 од 16.01.2023 година
Програма за развој на училиштето донесена на 04-149/3 од 30.04.2021 година
Годишна програма, број : 0102-254/1 од 14.08.2023
Одлука од Совет на општина, број: 08-1421/2 од 29.08.2023
Годишен извештај за работата на училиштето за претходната учебна година број : 0202-162/2 од 14.06.2023 година
Инклузивен тим на училиштето, Решение број: 03-332/1 од 13.09.2021 год
2 (двајца) ученици со посебни образовни потреби инклузирани во редовната настава
Тим за меѓуетничка интеграција: Решение број: од 17.05.2023 год .
Партнер училиште : ООУ,,Живко Чинго “ с. Велгошти –Охрид и ООУ,,Симче Настовски “ с. Вратница –Јегуновце
Училишен спортски клуб, Решение број: нема
Училиштен парламент- на 26.10.2023 год со Речени ебр 0204-398/1

[2] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

5. Не задоволува,
6. Делумно задоволува,
7. Добро и
8. Многу добро.

## Карактеристики на училиштето

Основното општинско училиште„Фаик Коница“ се наоѓа во територијата на општина Теарце . Воспитно образовниот процес се одвива во селата Доброште и Одри со вкупно 365 ученика. Во селото Доброште има три објекта , од кој два се во склоп на истиот училишен двор каде има 11 ( единаесет ) училници во едната училишна зграда и 4 (четири) училници во друга помошна зграда каде се изведува одделенска настава во две смени. Во сите овие паралелки од I до IX одделение се изведува настава на албански наставен јазик .Во истото село Доброште е третиот објект кој се наоѓа на другата страна на селото Доброште каде има четири училници
(две комбинирани) од I до V одд во кој се изведува настава на македонски наставен јазик и две чисти паралелка од (нижи) I и II одд во која се изведува настава на албански наставен јазик. Наставата се изведува во една смена. Четвртата зграда е во с. Одри со вкупно 9( девет ) училници од I до IX одделение.Наставата се изведува албански наставен јазик и во една смена

Во училиштето наставата ја следат 365 ученици распоредени во 25 паралелки од кој 2 паралелки се со комбинирана настава. Наставата ја реализираат 39 наставници и сите се со високо образование. Во училиштето 6 наставника се во работен однос на определено време, додека 33 наставника со на неопределено работно време, Наставен кадар од 0 до 10 години има 16 наставници.Наставен кадар од 11-20 години има 12 наставници .Наставен кадар од 21 до 30 години има 8 наставници. Наставен кадар над 31 година работен стаж се вкупно 3 наставника .По етничка припадност 35 се Албанци и 4 наставници се од Македонска националност .Во училиштето доминираат вработените наставници од женскиот пол 29 наставник од внупно 39.

Во централното училиштето има вкупно 7 училници и сите се опремени со ЛЦД прожектори. Од нив 3 училници се на првиот кат, 3 во приземје и 1 (една) поплуподруска

, додека во училишниот двор има уште една училишна зграда во која се сместени 3 училници и сите се опремени со смарт табли и прожектори .Во дисперзираното училиште во с. Доброште има вкупно 4 училници од кој една е многу мала( импровизирана) според бројот на учениците и во отежнати услови се изведува наставата .Сите се опремени со ЛЦД прожектори .Во с. Одри се наоѓа подрачното училиште во која има вкупно 9 училници сите се со ЛЦД прожектор .и наставата се одвива во една смена .

Во трите објекта со исклучок на дисперзираниот објект во с. Доброште каде греењето е на дрва ( во секоја училница ќумбе на дрва), останатите три згради се со парно греење на екстра лесно масло .

Во централното како и во подрачното има училишната библиотека во која се води библиотечна евиденција. Библиотеката е опремена со книги и лектирни изданија и истата е во фаза на доопремување.

Училишниот објект е во добра состојба, како и надворешните спортски терени кои се видно добро опремени и реновирани и кровната конструкција на училишниот објект која е инсталирана со громобранска инсталација.

Од санитарни простории има доволно тоалети за учениците и за персоналот и иститe се чисти и реновирани. Училничкиот мебел го има во доволен број според просторните услови.

Во сите Училишниот објект, со исклучок на дисперзираниот во с. Доброште објектите се оградени, со уредено дворно место и има убави спортски терени за колективни спортови , пристапен пат со обележан знак и сопстевен перкинг и опремен анфи театар . Во централното со проект од МОН има изградено спортска сала .

Работата во училиштето се одвива во една смени со исклучок на една паралелка во одделенска настава( албанска настава) која работи во втора смена, причина ( недостаток на една училница ). Училиштето има распоред за максимално користење на расположивите капацитети.

Училиштето е снабдено со наставни средства и помагала особено за природните група на предмети, меѓутоа потребата за набавка на нови средства и помагала сепак е голема, особено за следење на современи наставни текови.

Во училиштето од стручна служба има педагог и дефектолог кој е ангажиран во централното и подрачното училиште во с. Одри ( двапати во неделата), Училишта имаат два библиотекара.

Училишниот одбор е конституиран на 12.03.2021 година. со деловоден бр 0201-110/1.

Училиштето е основано од народниот одбор на општина Теарце со решение бр. 01-5809/1 од 20.07.1966 година

Училиштето е верифицирано со акт број 16-6983 од 12.04.1985 година

Училиштето има Статут и за истиот има добиено согласност од Министерството за образование и наука од бр. 19-3395/2 од 30.05.202014 година

Училиштето е запишано во Централен регистар на Република Македонија бр.ЕМБС 4034970 од 10.05.2021година

Училиштето има донесено Годишна програма за работа за учебната 2023/2024 год на седница на УО бр.0102-254 од 14.08.2023 година

Училиштето има извршено Самоевалуација 0102-01/1 од 16.01.2023 година,

Има Програма за развој на училиштето која е донесен на 04-149/3 од 30.04.2021 година.

Училиштето има изготвено годишен извештај за учебната од 2022/23 година бр.0204-162/2 од 14.06.2023 година и

Полугодишен извештај за работа за учебната 2022/23 година бр.0204-14/2 од 25.01.2023 година

# 1.Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Во ООУ „Фаик Коница“ с. Доброште општина Теарце, се применуваат наставниот план за деветгодишно основно образовани и наставните програми изготвени од Биро за развој на образование и донесени од Министерство за образование и наука. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедуваат постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализирани во пропишаниот обем.

Наставниците своите глобални, тематски планирања и оперативниот план за час, односно неделните планирања и сценаријата за наставен час за соодветните предмети ги изготвуваат врз основа на Наставниот план и наставните програми. Раководниот тим на училиштето во својата архива има наставни планови и програми за одделенска и за предметна настава, а дел од наведените планирања се наоѓаат кај наставниците.

Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето се спроведува на почетокот на учебната година преку родителски или индивидуални средби, преку изготвување на брошура и преку фејсбук страната на училиштето.

Во училиштето има 3 (три) ученици со посебни образовни потреби инклузирани во редовната настава, со медицинска документација од надлежна институција и 9 (девет) ученици со потешкотии во учењто. Директорот на училиштето формирал Училишен инклузивен тим како и посебни инклузивни тимови за учениците со посебни образовни потреби. 2 (два) од учениците од вкупно 3 ( три ) учениви со посебни образовни потреби има образовен асистент. За инклузираните ученици се изработува ИОП според Концепцијата за инклузија и решенијата од МКФ.

Стручните активи од сродните предмети соработуваат и работаат по изготвени програми, особено активите од I-во и VI-то одделние кои планираат и реализираат настава по новата Концепција за основно образование Соработката е интензивна при изготвување на глобалните и тематските планирања, односно при изработка на Планирањата за реализација на наставната програма, неделните планирања и сценаријата за наставните часови.

Во училиштето се реализираат и изборни предмети, и при изборот на наставни предмети се почитуваат потребите и барањата на учениците. Во училиштето има воспоставено процедура за избор на изборни наставни предмети а училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите.

Во годишната програма на училиштето, но и во планирањата на наставниците интегрирани се и крактеристики на локалната средина и застапени се содржини од граѓански интерес односно одбележување на значајни датуми од историјата, прослави на значајни празници, личности или места на општината, како и организирање на акции од различен карактер и слично.

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците изработуваат годишни и тематски планирања според наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и Годишната програма за работа на училиштето. Кај дел од наставниците планирањата според квалитетот се на задоволително ниво. Во училиштето не постојат примери за прибирање и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебниците.

Стручните активи од сродните предмети соработуваат и работаат по изготвени програми, особено активите од одделенска настава како и наставниците од VIте одделенија кои планираат и реализираат настава по новата Концепција за основно образование. Соработката е интензивна при изготвување на глобалните и тематските планирања, односно при изработка на Планирањата за реализација на наставната програма, неделните планирања и сценаријата за наставните часови. Во училиштето има 5 (пет) стручни активи и тоа: Стручен актив на наставници од одделенска настава, Стручен актив на јазични предмети, Стручен актив на природни и математички науки, Стручен актив на општествени предмети и Стручен актив на вештини.

Во рамки на Годишната програма за работа на училиштето, како и во рамки на годишните и тематските планирања на наставниците постојат незначителен број на примери на планирани активности кои имаат за цел негување на мултикутурализмот и унапредување на интеркултурализмот. Кај мал број на наставни предмети интегрирани се содржини за негување на мултикултурализмот и почитување на различностите.

Училиштето прави напори за реализација и подобрување на квалитетот на наставата. За таа цел наставниците следат обуки за стручно усовршување. Наставниците изработуваат личен професионален план, а врз основа на личните професионални планови се изработува глобален професионален план кој е во рамки на Годишната програма за работа на училиштето. Реализираните обуки од наставниците, се евидентираат во педагошки картони на наставниците.

Училиштето на состаноците на формалните органи, повремено дискутира за применуваните наставни планови и програми . Во училиштето е дискутирано за потребата од измена и дополнување на наставниот план и програмите, но нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

## 1.3 Вонннаставни активности

Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците согласно со Концептот за воннаставни активности што го утврдува Министерството на предлог на Бирото. Учениците доброволно учествуваат во воннаставни активности. За учество во воннаставни активности на крајот на учебната година на ученикот му се доделува додаток на свидетелството во кое се забележува учество во воннаставни активности.

Воннаставните активности се реализираат преку секциите, организирани излети и екскурзии, приредби и слични активности. Училиштето имаа склучено меморандум за партнер училиште за реализација на активности од меѓуетничка интеграција со ООУ,,Живко Чинго “ с. Велгошти –Охрид и ООУ,,Симче Настовски “ с. Вратница – Јегуновце и повремено реализираа заеднички активности.

Дел од учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво, и имаат освоено награди, благодарници и сертификати за учество. За афирмирање на воннаставните активности, училиштето користи повеќе медиуми како социјални мрежи, интернет страна на училиштето и брошури.

Училиштето планира и реализира ученички излети и екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. За планираните излети и екскурзии училиштето изготвува програма за реализација за која добива согласност од родителите, БРО и секторот за образование во општината.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето нема регистриран училишен спортски клуб .

# 2. Постигања на учениците

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по пол, етничка припадност и паралелки. Училиштето има изготвено полугодишен и годишен извештај во кој има показатели за постигнувањата на учениците.

Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година изнесува 3.7, во учебната 2021/2022 година изнесува 3.78 а во 2022/2023 година изнесува 3.7 од што се забележува дека во претходните три учебни години на успехот на учениците стагнира, односно не се забелжуава промена во постигањата на учениците. Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците може да се подобрат, и повремено презема конкретни активности во таа насока.

Во претходните три учебни години односно учебната 2020/2021, 2021/2022 и 2022/2023 година сите ученици имаат примерно поведение.

Дел од наставниците им даваат подршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Само мал дел наставници планираат и реализираат дифренцирани цели. Во текот на учебната година, училиштето реализира дополнителна настава за ученици кои имаат потешкотии , тешкотии во учењето, но не во пропишаниот обем и според потребите на учениците. Понекогаш во училиштето се реализира и додатна настава за ученици кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области, а најчесто пред одржување на натпревари. Во училиштето има 3 ученици со посебни образовни потреби инклузиран во редовната настава и 9 ученици со потешкотии во учењето. Учениците со посебни образовани потреби се со мислење и категоризација од соодветна институција и истите се оценуваат согласно изготвените индивидуални образовни планови.

Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус, и повремено се прават анализи на истите.

Училиштето поседува информација за тоа каде го продолжуваат своето образование учениците кои завршиле основно образование.

## 2.2. Задржување/осипување на учениците

Постои утврдена реонизација донесена од Советот на Општина Теарце за запишување на учениците во основните училишта на територијата на општината. При уписот на деца во прво одделение се почитува утврдената реонизација. Согласно со законската регулатива, училиштето има формирано Комисија за запишување на деца во прво одделение, Комисија за запишување на деца во прво одделение со надминатаа возраса граница, доставува покани до родители, врши посети на семејства и остварува соработка со локалната заедница. Училиштето ги ажурира податоците за запишаните ученици.

Во учебната 2020/2021 година, вкупниот број на запишани ученици изнесува 366 ученици распоредени во 25 паралелки, во учебната 2021/2022 година вкупниот број на запишани ученици изнесува 356 ученици, во учебната 2022/2023 година вкупниот број на запишани ученици изнесува 353, и во учебната 2023/2024 година запишани се вкупно 365 ученици.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата. Од анализите во училиштето во однос на изостаноците на учениците во последните три учебни години се забележува тенденција на зголемување на изостаноците. Бројот на изостанувања од настава на учениците во учебната 2020/2021 година е 192 односно 171 оправдани и 21 неоправдани изостаноци, во учебната 2021/2022 година вкупниот број на изостаноци е 2837 односно 2453 оправдани и 384 неоправдани изостаноци и за учебната 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци е 1508 односно 1338 оправдани и 170 неоправдани изостаноци.

Училиштето има изготвено план за советување на родителите. Училиштето ги реализира советувањата на родителите и води документација. Советувањето на родителите се врши најчесто во групи составени од родители на ученици со исти или слични тешкотии, но биле реализирани и индивидуални советувања. Најчести причини за советување на родителите се: намален успех и несоодветно однесување.

Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште. Се следи осипувањето на учениците, за која училиштето поседува податоци. При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно – образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години вкупно 7 ученици се испишани од ова училиште, но и 4 ученициi се запишани односно дојдени од друго училиште. Испишувањето, но и запишувањето на учениците е поради промена на местото на живеење.

### 2.3. Повторување на учениците

Од увидот направен во училишната евиденција и документацијата, како и од увидот во извршените анализи за постигањата на учениците на крајот на последните три учебни години, констатирано е дека во последните три учебни години, сите ученици ја завршуваат годината.

Во училиштето се идентификуват и се анализираат причините за учениците кои во првото полугодие имаат слаби оценки по некои наставни предмети, и повремено се преземаат активности за подобрување на успехот на крајот на учебната година.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор, доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на учебната година.

# 3. Учење и настава

## 3.1. Планирање на наставниците

Планирањата на наставниците ( глобалните, тематско процесните и оперативни планирања за наставен час )се добри.На почетокот на учебната 2023/2024 година, сите наставници изготвиле и доставиле, годишни, глобални и тематски планирања. Поголемиот дел од планирањата на наставниците содржаат елементи за успешна организација и реализација на часот. Дневните планирања на наставниците се добри,(од посетените наставни часови), наставниците (одделенска настава и предметна настава) во дневните планирања ги дефинираат целите на наставата . Во оперативните планирања за наставен час, наставниците планираат диференцирани цели и диференцирани активности, но голем дел од наставниците делумно ги применуваат диференцираните активности за учениците со посебни образовни потреби, кои поседуваат наод и мислење од соодветна институција и кои се во согласност со изготвените Индивидуални образовни планирања. Исто така наставниците планираат, но не применуваат диференцирани цели и активности за работа со ученици со потешкотии во учењето и диференцирани цели и активности за работа со талентирани ученици.Дневно оперативните планирања се усогласени со тематските планирања. Во планирањата на наставниците има изработени критериуми за оценување и употреба на информатичко компјутерска технологија во настава.

Најголемиот број од наставници кои се задолжени да реализираат и други видови на настава (дополнителна, додатна настава и други активности), имаат изготвено програма за истите и истата уредено се евидентира во одделенските дневници.Планирањата на наставниците се следат од раководниот тим во училиштето.Раководниот тим на училиштето ги следи и има утврдена процедура за следење на планирањата на наставниците . При изготвувањето и изработка на планирањата, училиштето обезбедува подршка на наставниците за вградување на целите од интеграното образование , еколошките содржини, Кембрич програмите, инклузивност итн . Разменувањата на искуства се темели пред се ипреку работата на стручните активи.

Училиштето има изготвено распоред на часови според просторните капацитети и кадровските можности .Во склоп на распоредот на часови има и распоредот на останатите активности на додатна дополнителна настава како и слободните ученички активности и други активности. Поголем дел на наставниците во одделенските дневници ги евидентирата дополнителната и додатната настава и другите активности. Другиот вид на настава и другите активности се реализираат со потешкотии поради преотовареност на наставниот план и програма.

### 3.2. Наставен процес

Сите наставници користат разновидни форми и методи во наставата. Наставниците од одделенска настава користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа. Наставниците имаат скоро исти приод за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

Во подрачното училниците во с. Одри има функционално мрежно поврзани на сите девет училници и 9 компјутери во истите. Сите наставници се обучени за употреба на ИКТ и за новите образовни технологии во наставата, и во најголем број ги употребуваат за реализација на наставните планирања.

Домашните задачи се поврзани со работата на учениците за време на часот. Изборот на задачи и активности не целосно е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Најголемиот дел од наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебниците кои им се на располагање.

Наставниците ги запознаваат учениците со целите на учењето. Сите наставници наставата ја реализираат со различни интерактивни методи. На децата кои подоцна се вклучуват во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со приспособени програми и активности. Наставниците поголемиот број се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло. Наставниците не манифестираат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и преземаат активности за надминување на таквите стереотипи кога ги користат учениците.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, и истата се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку два пати во текот на учебната година од директорот или од стручната служба на училиштето. Евиденцијата од посета на часови се бележи во изготвен формулар за следење на час .

Наставата се реализира интерактивно а најчесто во одделенска настава. Учениците се активно вклучени во процесот на учење и соработуваат меѓу себе. Во наставните часови се применуваат техниките на учење во одделенската настава и делумно во предметната настава. Во целост е застапена Интеракцијата на релација наставник-ученик , делумно е застапена интеракцијата ученик-ученик. Во планирањата наставниците имаат предвидено реализација на наставни единици со примена на ИКТ. Планираните часови со ИКТ се реализираат по потреба. ЕКО проектот се реализира според пропишаната динамика во програмата. Дел од наставниот кадар се обучени за интегрирање на еколошки содржини во наставата. Повеќето од наставниците имаат планирано реализација на еко содржини во наставниот процес. Училиштето има изготвено план на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти. При реализација на еколошката програма вклучени се ученици и наставници и лица од технички персонал. Направена е анализа на состојбите во училиштето (еколошки двор, одржување на училишните зграда во с.Доброште и с.Одри и здрава средина во училиштето, заштеда на електрична енергија, заштеда на вода, оформена е еко-патрола, еко-катче. Сите активности добро се следени и се евалуираат од одговорните наставници.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Од разговорите со учениците и родителите училиштето го доживуваат како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.Заедничкиот училишен простор е уреден со пишани содржини истакнати на видни места. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училницата

холот , почитувајќи естетски норми и истите редовно се менуваат, согласно со целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд.

Учениците сметаат дека понекогаш се учи на интересен начин и но дека не секогаш е поврзано со практиката односно секојдневието.

Поголем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат,да поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат.

Учениците сметаат дека, дел од наставниците понекогаш им даваат можност самостојно да размислуваат и да го кажаат своето мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права и различни одговорности во училиштето (во и надвор од наставата). Голем број ученици сметаат дека им се овозможува да работат со сопствено темпо соодветно на нивниот стил за учење и самостојна работа. Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката како и во училиштето.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Идентификувањето на образовните потреби на учениците во училиштете е добра. Потребите на учениците се идентификуваат од страна на одделенските раководители, стручните соработници, како и останатите наставници, не секогаш се преземаат доволно активности за успешно реализирање на нивните потреби.

Поголем дел на наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и предавање и организираат додатна и дополнителна настава. Од анкетата спроведена меѓу учениците поголемиот број од нив се изјаснија дека активно учествууваат во воннаставни активности и секции што ги организира училиштето. Не секогаш се изготвуваат задачи по тежински нивоа според образовните потреби на учениците. Учениците со посебни образовни потреби не се доволно ангажирани од страна на сите наставници подеднакво во воспитно образовниот процес .

Училиштето има систем за идентификување наталентирани и надарените ученици. Со мал број се работи индивидуално, најчесто пред одржување на натпревари и други оранизирани манифестаци, не се работи континуирано во текот на цела година.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето го применува правилникот за оценувањето и напредувањето на учениците. Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се запознаени. Најголем број наставници оценувањето го вршат преку примена на формативното и сумативното оценување со сите форми за оценување.Наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.Застапено е формативно и сумативно оценување. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и друго . Застапени се инструменти и листа на аналитичко оценување. Поретко е застапено самооценувањето и меѓусебното оценување на учениците . Најчесто застапени се тестовите на знаење на крајот од наставните теми. Наставниците ги оценуваат учениците со пречки во развојот согласно изготвениот Индивидуален образовен план. Најголем дел од наставниците водат грижа оценувањето да биде според ангажирањето на ученикот. Голем дел од наставниците користат позитивна повратна информација, која ќе го поттикне ученикот да размислува за својата работа и за следните активности што треба да се преземат .Го потикнува ученикот да дискутира за своите знаења, напредок како и нивните постигнувања. Се почитува

пристапот за давање на можност за поправање на оценките во сите класификациони периоди. Наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, индивидуални средби и групни средби со родителите. До родителите редовно се доставуваат евидентни листови за постигањата на учениците по квалификациони периоди. За успехот и постигнатите резултати се расправа на организирани индивидуални или групни родителски средби. Секој наставник има термин, односно распоред за ,,приемен ден“, а после секоја родителска средба се организира ,,отворен ден“ за прием на родителите од страна на сите наставници. Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, а најголемиот број на родители имаат пристап до него.

## 4 Поддршка/помош на учениците

### 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Севкупната грижа во училишните објекти за учениците во ООУ „ Фаик Коница„ с.Доброште и ПОУ с.Одри е добра.Училишниот простор за изведување на настава и училишнит дворови се безбеден .Се почитува распоредот при реализација на секој вид на настава. Инфраструктурата во училиштето мебел, подови, прозори, струјните елементи, дворот и др. се безбедни и не претставуваат опасност од повреди за учениците. Училишниот објект и дворот на училиштето се под видео надзор. Училишните простори редовно се дезинфицираат со цел на превенција од заразни болести.

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата и надвор од неа. Во случај на елементарни непогоди училиштето има интерен акт за постапување и има изведено симулации, има истакнати соопштенија и предупредувања на видни места. Училишните објекти се осигурувани во осигурнителната компанија Триглав АД бр.на полиса 010000170570.Во иста компанија се осигурувани вработените и учениците полиса бр.080000033574 и полиса бр.080000033037 .

Во училиштето има неколку вработени лица кои се обучени за давање прва помош од областа на безбедност и здравје при работа на учениците и истите поседуваат сертификат. Во училишните објекти постојат дежурства од страна на наставниот кадар.

Училиштето има кодекс на однесување на учениците и возрасните и е истакнат на соодветни места.Во училиштето е забранет секаков вид на психичко и физичко малтретирање на учениците или било каков вид на нетрпение.Во училиштноит објекти е забрането пушење и има поставено знаци за предупредување на соодветни места и забраната насекаде се почитува.Класните раководители имаат изготвен план со содржини за взаемно почитување и рамноправност на половите како и план за штетното влијание на наркотични супстанции како што се пушење ,алкохолизам ,наркоманија и истите се забранети за внесување и употреба во училиштето.

Училиштето нема училишна кујна и организирана исхрана на учениците. Учениците храната ја обезбедуваат од дома и од продавница од непосредната околина, при што училиштето нема пропишани процедури за увид во квалитетот на храната што им се нуди од околните продавници..

Во училиштето се идентификувани тројца ученици со посебни образовни потреби и тоа ученик од трето одделение со настава на македонски јазик и ученик од седмо одделение со настава на албански јазик и трет ученик во четврто одделение со настава на албански јазик кои нема образовен асистент, со него работи само дефектологот на училиштето според неделен распоред . За првите двајца ученици училиштето има обезбедено образовни асистенти . Со сите тројца ученици работи и дефектологот на училиштето . Грижата за учениците со емоционални и други здравствени проблеми се води од страна на дефектолгот и стручните соработници на училиштето во соработка со наставниот и останатиот персонал кои преземаат мерки за решавање на конкретни проблеми кај поедини ученици. Овие појави се многу ретки..Во училиштето има пропишани процедури за навремено откривање на ученици со емоционални потешкотии Училиштето има формирано инклузивен тим.

Во училиштето има доволен број на ПП апарати, внатрешни и надворешни хидранти и громобранска инсталација и истите се сервисирани.Постои Правилник за заштита од пожари и експлозии како и план за евакуација по шематски приказ на видно место во холот и спортската сала.Низ целиот училишен хол има обележан патоказ за еднонасочно движење влез и излез на училиштето со утврдено растојание Во училиштето има ученици од социјално загрозени семејства и има случаеви кога за нив се потребни дополнителна поддршка во наставата и вон наставните активности и понекогаш за нив се обезбедува финансиска поддршка од месното население како доброволни донации.

## 4.2 Здравје

Грижата за здравјето на учениците е добра. Хигиената во училишните објекти во централното училиште во с.Доброште и подрачното училиште во с.Одри е добра. Тоалетите на учениците и наставниците се реновирени и истите се чистат, дезинфецираат според пропишаните протоколите. Во ова календарска година извршена е дезинфекција на училишниот простор. Воспитно се делува на учениците за да ја одржуваат личната хигиена . Ходниците и скалите редовно се чистат и дезинфецираат после завршување на смената на учениците. Корпи за отпадоци се поставени на определени места во дворот на училиштето како и во секоја учлница и во ходниците.

Во училиштето се реализираат предавања за превенција и интервенција во врска со општествено-социјалните проблеми ( дрога, алкохол, малолетничка деликвенција и др.), а и се доставуваат флаери за заштита од разни заразни болести.

Во случај на појава на заразна болест училиштето има подготвено протокол за превенција и моментална изолација на такво лице .

Во соработка со здравствени институции (според нивната програма), секоја година се организира вакцинација, систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците и за нив се води уредна евиденција. Грижата за здравјето на учениците е опфатена во годишната програма за работа на училиштето.Предавањата се вршат од страна на стручни лица од областа на школска медицина и други лица од медицинските установи. Теми од оваа област се застапени и во плановите за работа на класните раководители.

Училиштето ги спроведува точките на акција кои се однесуваат на здравјето согласно воспоставените еко-стандарди.

Училиштето се грижи за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсусутвуваат од редовната настава. Процедурите во ваквите случаеви се спроведуваат по иницијатива на класните /одделенските раководители и стручната служба во соработка со родителите или другите релевантни институции (здравствените установи и други институции).

За учениците редовно се врши систематски прегледи и вакцинации според планот на здравствените установи .

Сите вработени во училиштето вршат редовен систематски преглед и за нив се води уредна евиденција последниот систематски преглед за вработените е извршен во ONE HOSPITAL-Тетово,на 22.11.2021 год.

### 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

Класните раководители и стручните соработници на училиштето се грижат за професионалната ориентација на учениците од деветите одделениа. Учениците од деветтите одделениа се запознаваат со видовите на струки и насоки во секое од средните училишта во општина Тетово и надвор од општината Тетово. Не изостанува соработката на училиштето со средно образовните установи. Стручните соработници водат разговори, спроведуваат анкетирање и врз основа на добиените резултати им даваат конкретни совети на учениците за нивното понатомошно образование. Со учениците посебно од деветите одделенија се обработуваат теми како на пример ,, каде по завршувањето на основното образование“, ,,мојата идна професија “ и сл.

Во врска со грижата за учениците со емоционални и други здравствени проблеми , стручната служба во соработка со класните раководители, директорот и стручни лица од здравствените установи , превземаат соодветни мерки за решавање на конкретни проблеми при појава на проблемот кај поедини ученици.

Во училиштето нема пропишани процедури за навремено откривање на ученици со емоционални потешкотии. Проблемите и емоционалните потреби на учениците се откриваат најчесто преку директен разговор со учениците или нивните родители од страна на класните раководители и стручната служба односно дефекторлогот. Недоволна е подршката од родителите на таквите ученици.

### 4.4 Следење на напредокот

Одделенските наставници и предметни наставници водат уредна евиденција за постигнувањата , односно успехот, редовноста и поведението на секој ученик посебно и за паралелката како целина. Наставниот кадар уредно води своја евиденција за следење на напредокот на учениците.Наставниците од одделенската и предметната настава како одделенските раководители постигнувањата на учениците ги евидентираат во е-дневникот.евидентните листови и главните книги.За следење на постигањата на учениците постои добра соработка помеѓу одделнските раководители,стручната služжа и директорот на училиштето. Во поголем број на случаи интересот на родителите за постигањата на учениците е на задоволително ниво.

Во училиштето постојат тромесечни ,полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците. Извештаите се достапни за увид на стручните соработници, директорот на училиштето ,наставниот кадар ,родителите и учениците и истите се користат за подобрување на успехот на учениците.

## 5. Училишна клима

### 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите во училиштето е добра.Односот меѓу учениците се базира на взаемно почитување и помагање, почитувањето меѓу учениците од ист и од различна етничка припадност,пол,од различно потекло,различен социален статус е добра Добра е и односот и соработката меѓу наставниците и учениците или поточно релацијата наставник-ученик, ученик-наставник,наставник-родител,родител-наставник,и наставник-наставник се почитуваат иако во инцидентни случаи се забележува отстапување од ваквото однесување.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците,ги негува родовата припадност и мултикултурализмот и има подеднаков третман на учениците со различни способности. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, посветени се на целите, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Поголем број од наставниот кадар ужива почит кај родителите, што го потврдиле во анкетите и за што се изјасниле најголем број на анкетираните ученици и родители. Училиштето има Куќен ред и Кодекс на однесување. Во нив се поставени принципите и правилата на однесување и истите се почитуваат,има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата од Кодексите. Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и воннаставните активности.Поведението на учениците споредбено за три години е примерно. Дисциплината на учениците во училиштето е добра, во поедини случаеви училиштето презема педагошки мерки за нередовноста на учениците и непримерно однесување за време на наставата.

Според планот на активности за реализација на еко стандардите, учениците активно се вклучени во реализација на точките на акција од еко-стандардите кои се однесуваат на чистење и одржување на училишната зграда и дворот, во собирањето и селектирањето на сметот, заштедата на електричната енергија, водата и друго. Исто така, учениците се активно вклучени во реализирање на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието.

Училиштето има формирано ученички парламент,истиот придонесува за решавање на проблемите и донесување на одлуки што се од непосреден интерес за

учениците.Училиштето е отворено за соработка со локалната власт, со родителите кои често го посетуваат училиштето.Во училиштето постои соработка меѓу вработените ,учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес.

## 5.2 Промовирање на постигањата

На постигањата на учениците се посветува посебно внимание. На наставнички , одделенски совет,стручни активи,родителски средби и патрониот празник се промовират личните постигања на ученици (доделување на пофалби за освоени награди).

Училиштето има политика на поттикнување и наградување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари како и нивно наградување со пофалници за постигнатите резултати.

Постигањата на учениците односно добиените пофалби и награди се поставени на видно место во училиштето со цел сите да бидат запознаети.

Училиштето презема активности за информирање и вклучување на пошироката заедница на реализација на еколошката програма.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознати со правата на децата и можат да препознаваат случаи на нивно нарушување.Училиштето ги запознава учениците со нивните права и се залага да обезбеди еднакви услови за учење и за реализација на воспитно-образовниот процес.Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи.

Училиштето има еднаков третман кон сите ученици.Во училиштето во разни активности се вклучуваат сите ученици.Училиштето не прави разлики по ученици и по оделенија по социјална припадност туку сите заедно еднакви се чувствуваат во сите активности што ги организира училиштето.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во државата ,без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Соработката на училиштето со родителите и локалната заедница е добра.Родителите учествуваат во работата на органите на училиштето преку Совет на родители, преку училишниот одбор.Има примери на вклученост на родителите преку организирани собирни акции-донаци со цел на подобрување на инфраструктурните услови вклучување на работилници кои се во подршка на унапредување на воспитно образовниот процес.

Соработката со родителите се реализира преку разговори со класните родители на најмалку две родителски средби во едно полугодие а има и примери на закажани индивидуални родителски средби.Родителите преку класните раководители, класните совети, индивидуалните средби,е-дневник, редовно се информирани за состојбата на училиштето, учениците , успехот за нивните деца .Училиштето има соработка со локалната заедница, преку нивните претставници (во Училишниот одбор има еден член од локалната заедница )кои ги пренесуват ставовите на училиштето до локална заедница и обратно.

Соработка на училиштето со родителите,локалната ,деловната заедница, невладиниот сектор и медиумите со вклучување на нивни претставници како активни учесници во реализација на еколошката програма е добра.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Основното училиште„Фаик Коница“ с.Доброште општина Теарце ,совјата дејност образование и воспитание ја обавува во сопствени училишни објекти со селата Доброште и Одри кој се изградени и пуштен во употрба 1966 година.Вкупната површина на Централното училишниот објект изнесува 961 $м^2$ и четири училници во другата зграда во истиот двор со површина од 368 $м^2$. Централното Училиштето има асвалтирано дворно место и асвалтирани спортски терени со вкупна површина од 5385 $м^2$ и спортска сала со површина од 512 $м^2$и анфитеатар со површина од 245 $м^2$ .Во истуреното училиште во с. Доброште објектот е со површина од 368 $м^2$ , и озеленета површина од 4691 $м^2$ .Во подрачното училиште во с. Одри со вкупен простор на објектот од 1080 $м^2$ и асвалтиран спортски терен и асвалтиран двор со вкупна површина од 781 $м^2$ . Вкупна површина на ниво на училиште изнесува 14391 $м^2$ .

Сите училишни зграда се изградена од тврд материјал и се во добра состојба.

Училишната зграда како во централното училиште во с. Доброште така и во подрачното училиште с. Одри се на две нивоа приземје и спрат како и една полуподрумска во централното и 3 (три) во подрачното с. Ордри од кој две се користат како училници а една е кабине по информатока во кој има 17 компјутери кои се мрежно поврзани . Во централното училиште има 7 училници, 2 кабинета ( информатика и природни науки) ,1 спортска сала, 1 (една) библиотека, 4 административни простории – канцеларии на ( директорот, педагог,, благајник, секретар), анфитеатар со вкупно 245 $м^2$ и две полуподрумски просторија едната е приспособена за училница а во другата е приспособена за просторија на служителите. Во училишниот двор има уште една училишна зграда во која има 4 училници за учениците од одделенска настава од кои четири одделенски наставници работата во прва смена ,само една учителка од одделенск настава работи во втора смена ( поради недостиг на една просторија-училница ) и една полуподрумска просторија каде е поставен системот за греење и на спратот работилница за хаус мајсторот .

Спортската сала во централното ООУ „Фаик Коница“ с. Доброште општина Теарце целосно ги исполнува условите за реализација на наставата по Физичко и здравствено образование. Во спортската сала се реализират часови по Физичко и здравствено образование дури и до 2 (две) паралелки во зимскиот период. Во рамки на фискултураната сала постојат соблекувални кои се во добро функционални.

Во подрачното училиште во с.Одри има 9 училници , 1 кабинет ( информатика) и 1 библиотека и 1 (една)административна просторија за дефектологот на училиштето. Додека во истурениот објект во долниот дел на село Доброште има 4 ( четири ) училници ( од кој една не ги задоволува потребите за реализација на наставата ) бидејќи е многу мала и една канцеларија за наставничкиот кадар .

Сите Училишни објекти се во задоволувачка состојба и се води грижа за негово тековно одржување. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитетиза изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребитена учениците. Училишните згради и простори се пристапни за сите.

Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките

Училишниот објект е приклучен на електрична и водоводна мрежа.

Хигиената и просторните капацитети во училиштата е добра. Училиштето располага со доволен број санитарни јазли ( вкупно 12 во сите училишни згради) , птт врска, интернет мрежа, громобранска мрежа има во сите четири објекта , вкупно 2 сервисирана хидранта и 18 ПП сервисирани апарати со сериски бр.85/23.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училишни материјали и спортски реквизити со кои располага училиштето, задоволуваат. Недоволно наставно нагледни стредства како и лектирни изданија за да ги покрие сите училишни објекти .

Училиштето е опремено со ИКТ од проектот на Владата на РМ „Компјутер за секое дете“која веќе е во процес на амортизација.

Училиштето има 2 опремени училници со компјутери , монитори и тастатури, 5 смарт табли, 22 ЛЦД проектора, 4 печатачи, 1 печатач во боја,4 скенер, 1 мултифункционален печатач, 5 cd плеери, 1 факс, 1 лап топи, 24 магнетни табли,5 графоскоп, 1 камера, 1 фото апарати, 2 рељефски карти, 10 мапи, карти ( историски 36 и географски -34), 1рачен анемометар за мерење за брзина на ветер, 2 модела на сончев систем, 9 модели на планети кои ротираат автоматски и ја демонстрираат ротацијата на планетите, 2 модели на сонце( израбиотен од дрво и на него е прикажан структурата на сонцето, 4 глобуси, 10 микроскопи ,1 пијано, 5 мелодики, 1 гитара, 1 хармоника,1 кларинет,1 синтисајзер.

Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства но,секоја година планот за набавка на наставните средства делумно останува неисполнет, поради лимитирани финансиски можности на училиштето и на основачот на училиштето.

За секоја година училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал.

Наставата по спорт и спортски активности се реализира во спортската сала и надворешните терени. Училиштето има обезбедено доволно и соодветни спортски реквизити.

Училишната библиотека се наоѓа во посебни простории и во двете училишни згради како во централното така и во подрачното училиште во с.Одри, не се доволно уредени. Има вработено два библиотекара кој со распоред се во двете училишни згради, истите не целосно ги задоволува потребите на учениците. Книжниот фонд на библиотеките изнесува вкупно 7211 парчиња лектирни изданија и стручна литература од кој 6345 се лектирни изданија, 450 стручна литература, 50 верска литература , 211 комунистичка

литература 155 просветна литература. Училиштето има програма за работа на библиотеката. Од сите нив на албански јазик се вкупно 5536 ( лектири, стручна литература , верски изданија и комунистички литература), на македонски јазик се вкупно 1327 , на англиски 108 и српско-хрватски јазик 239 книги . Има јасен преглед на насловите од лектири и стручна литература располага со недоволен фонд од различен жанр (енциклопедии, лектирни изданија, стручна литература и др.).Библиотечната евиденција се води со пишана книга . Во рамки на библиотечниот простор нема читална и нема медиотека, а просторијата е импровизирана библиотека во двете училишни згради. Во двете библиотеки има компјутер и истиот е поврзан на интернет. Библиотечната евиденција за издадени и вратени книги се води во пишана форма и истата се води уредно. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците со работно време секој ден од 08-13 и 30 часот.

## 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Наставниот процес во училиштето го реализираат 39 наставници од кои 11 мажи и 28 жени. Во раководниот тим покрај директорот има еден педагог ,еден психолог и еден дефектолог. Со високо образование се сите 39 наставника .

Сите наставници се со содветно образование. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена на истите. Вработените го почитуваат работното време. Остварувањето на работните должности на наставниците и другите работници се следи од страна на директорот и стручната служба.

Наставен кадар од 0 до 10 години има 16 наставници.Наставен кадар од 11-20 години има 12 наставници.Наставен кадар од 21 до 30 години има 8 наставници. Наставен кадар на 31 година работен стаж се вкупно 3 наставника .По етничка припадност 35 е Албанци и 4 наставници се од Македонска националност.

Наставниот кадар континуирано стручно се усовршува во склоп на обуките на БРО и МОН.Наставниците во последно време ги завршиле слениве обуки: -Примена на новите наставни програми за 1во ,2ро,3то, 4то,5то и 6то одд. според новата концепција за осн.обр. Примена на новите наставни програми за инклузија Примена на новите наставни програми по математика и природни науки адаптирани по Кембриџ програмата ,, Јазична писменост,, Со читање до лидерство, ,, Математика со размислување, реализација на содржини по иновации во 9-то одд.,, Примена на новите наставни програми физичко образование со тандем настава, Обуки за безбедност при работа, Обука за прва помош и заштита , и сл.

Наставниците активно вклучени во работата на стручни активи и делуваат како еден тим при решавање на предвидените цели. Училиштето има стручни соработници-педагог,психолог, дефектолог кои им помагаат на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите и давање на соодветна помош на учениците

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Развојните потреби на наставниот кадар редовно ги следат стручните соработници.Посетата на часови од страна на директорката и стручните соработници, како и увид во планирањата се врши според нивните годишни програми

Стручната подршка на директорката и стручниот соработник што го добиваат наставниците низ нивната работа,е од професионале и од административен карактер.

Работата на наставниците, нивните досегашни обуки и семинари, како и потреби за стручно усовршување се следи од страна на стручната служба.Потребно е да се идентификуваат реалните потреби на наставниците за нивниот професионален развој со

определување на приоритетите за нивниот стручен развој. Потребно е повеќе од досега да се обезбедува стручна подршка во планирањата и реализацијата на работата на наставниците во тие паралелки каде има инклузија на ученици со посебни образовни потреби.

Обуките на наставниците уредно се евидентираат во педагошките досиеја на наставниците и стручните соработници. Работата на наставниците-приправници се следи од страна на определените ментори.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства.Раководниот кадар ги консултира сите вработени, кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето, предвидувајќи и финансиски средства за еколошки активности, како и за реализација на активностите предвидени во програмата на училишната заедница. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Училиштето има делумно добри релации со бизнис заедницата во општината од која има повремени донации.

# Управување, раководење и креирање политика

## 6.6 Управување/раководење со училиштето

Училишен одбор е составен од 7 члена-сите уредно делегирани и истиот е конституиран согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Работи според деловник за работа и програма за работа.Состаноците на Училишниот одбор се одржуваат редовно,со однапред утврден ред и доставени материјали за седница.

Во својата работа Училишниот одбор применува начело на транспарентност, редовно ги запознава другите субјекти,вклучени во образовниот процес во училиштето и пошироката средина .

Кординацијата и соработката на Училишниот одбор со раководниот орган и другите образовни структури на училиштето, е добра. За дел од членовите на Училишниот одбор потребно е училиштето да обезбеди обука, со цел поефикасно работење на истиот.

Работата на училиштето го организира,следи и координира директорот кој, како работоводен орган има воспоставен професионален однос кон работата и поседува долгогодишно работно искуство и професионални квалитети врз основа на кои постигнува објективно да ги оцени квалитетите на вработените. Своето раководење го заснива на тимска работа во кои се вклучени и наставниците и стручните соработници. Приоритети за директорот се постигањата на учениците и подобрувањето на условите за работа .

Раководниот орган на училиштето воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница. Своето работење го заснова врз тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики ,планирање и обезбедување квалитет. Во контиунитет го поддржува реализирањето на еколошките содржини и спроведува училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција вообразованието

## 6.7 Цели и креирање на училишната политика

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и на локалната образовна политика.Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата,овозможуваат професионален развој на наставниците и унапредување на постигањатана сите ученици. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањетона целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварувањеи подобрување.

Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (наставниците,учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на целите.Постигнатите цели имаат позитивновлијание врз работата на училиштето.

Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за меѓуетничка интеграција,намалување на насилството во училиштата,намалување на семејното насилство,недискриминација,еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност,еколошко образование итн.Вработените активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките,како и за активностите за нивно остварување. При креирањето на политиките училиштетои зема предвид и мислењата на родителите и на учениците.

# Наоди и препораки

## Силни страни

- Наставниците добиваат подршка од стручнатата служба во однос на планирањето и реализација на наставата;
- Училиштетето изготвува извештаи за постигањата на учениците и презема мерки за подобрување на постигањата;
- Разменување на искуства за планирањата и реализацијата на наставата помеѓу стручните активи во одделенска настава;
- Воспоставена процедура за избор на изборни предмети;
- Во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината;
- Оптимално користење на просторните капацитети на училиштето од сите вработени;
- Учениците навремено се информираат за својот напредок;
- Добра техничка опременост на сите училници ;
- Раководењето на Директорот се темели на тимска работа во кои се вклучени и наставниците и стручните соработници.

## Слаби страни

- Наставниците во планирањата немаат планирано диференцирани активности за работа со талентирани ученици и ученици со потешкотии во учењето.
- Немаат регистрирано спортски клуб
- Недоволна опременост со наставни нагледни средства, не снабденост со потребните учебници, како и немање на доволен број на лектири и помошна ( стручна) литература во училишната библиотека;
- Недоволна ефикасност во работењето на училишниот одбор во училиштето .

## Препораки

- Да се планираат диференцирани активности за работа со талентирани ученици и ученици со потешкотии во учењето.
- Училиштето да регистрира спортски клуб
- Училиштето да изготви програма со цел на опременост со наставни нагледни средства, на лектирни изданија и помошна ( стручна) литература во училишната библиотека;
- Потребно е училиштето да обезбеди обуки на членовите од Училишниот одбор, со цел поефикасно работење на истиот.

| | |
|---|---|
| Јелена Деспениќ-Кировска, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Андријана Томовска , Инспектор | |
| Џелал Беџети , Инспектор | |